РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-213/5
18-07-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-3202/1 од 24.12.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за неправилности во избор во наставно-научно звање во област урбанистичко и просторно планирање на ---- факултет при Универзитетот „---- “ – ----, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-3202/1 од 24.12.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, преку електронска пошта, на ден 24.12.2024 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за неправилности во избор во наставно-научно звање во област урбанистичко и просторно планирање на ---- факултет при Универзитетот „---- “ – ---- и оформен е предмет број 12-3202/1 од 24.12.2024 година.

Имено, во пријавата се наведува дека при изборот на ---- имало неправилности во спроведената постапка, односно дека во објавениот оглас се барало лице со наставно-научна област, Урбанистичко и просторно планирање, односно Техничко-технолошки науки Архитектура, урбанизам и планирање, а дека пријавениот кандидат нема стекнато научен степен доктор на науки од областа

во која се избира, односно дека овој кандидат е доктор по културолошки студии кои припаѓаат во Хуманистички науки.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до надлежен инспекторат - Државен просветен инспекторат на РСМ.

Државниот просветен инспекторат достави Известување дека бил извршен вонреден инспекциски надзор на ---- факултет при Универзитетот „---- " - ---- по однос на спроведената постапка за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во областа Урбанистичко планирање за вработувањето на д-р ---- на истиот факултет, по што биле изготвени 2 (два) Записници со број Ип1 бр. ---- и Ип1 бр. ---- од ---- година.

Државниот просветен инспекторат констатирал дека лицето поседува дипломи за завршен прв циклус на студии, втор циклус студии и за завршен трет циклус на студии.

На ден 14.11.2024 година Универзитетот „---- "-----, распишал Конкурс за избор на наставници и соработници во состав на Универзитетот: 4. ---- факултет 4.1 Наставник во сите звања за наставно-научната област: Урбанистичко и просторно планирање.
На објавениот оглас како единствен кандидат се пријавила д-р ----.

Со Одлука бр. ---- од ---- година д-р ---- била избирана за наставник во наставно-научно звање Доцент за наставно-научна област Урбанистичко и просторно планирање 2.11.01.01 на ---- факултет при Универзитетот „---- "-----. Именуваната била избрана во наведеното звање за време од 5 (пет) години, односно од ---- година до ---- година.

Во однос на наводите за несовесно работење на Рецензенската комисија при изборот на кандидатот, Државниот просветен инспекторат констатирал дека комисијата била формирана согласно член 173 став 6 од Законот за високо образование и дека е составена согласно докторската дисертација на кандидатот, односно дека докторската дисертација на кандидатот д-р ---- која била на тема: „---- " одговарала на предмет кој што ќе ги предава наставните предмети: ---- и ---- на акредитираните студиски програми, а од кои причини кандидатката била избрана да ги предава горенаведените предмети како интердисциплинарни.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државниот просветен инспектор констатирал дека не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор, поради што согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор ја запрел постапката.

Во однос на наводите за судир на интереси, ДКСК постапуваше по предмет број 09-3226/1 од 2024 година, по кој на 16-та седница на ДКСК е донесена одлука број 09-373/3 од 03.04.2025 година. Дополнително, ДКСК постапува по предмет број 12-876/1 од 2025 година во однос на постапувањето на Државниот просветен инспектор во предметниот случај.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување по предметот – за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган Државниот просветен инспекторат, кој што не утврдил неправилности во предметниот случај, а во однос на останатите наводи постапува ДКСК, а за дел од наводите е донесена одлука од надлежност на ДКСК.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Билјана Каракашова Шулев

Изработил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор